**20210681016**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 17 став (1) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот), во состав:

1. Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,
2. Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
3. М-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања ,
4. Горан Милевски, министер за локална самоуправа,
5. Д-р Фатмир Бесими, министер за финанси,
6. М-р Крешник Бектеши, министер за економија,
7. Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,
8. Мила Царовска, министер за образование и наука,
9. Д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика,
10. Д-р Ирена Стефоска, министер за култура,
11. Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање,
12. Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
13. Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба и претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион,
14. Наташа Петровска, градоначалник на Општина Битола и претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион,
15. Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово и претседател на Советот за развој на Североисточниот плански регион,
16. Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес и претседател на Советот за развој на Вардарскиот плански регион,
17. Теута Арифи, градоначалник на Општина Тетово и претседател на Советот за развој на Полошкиот плански регион,
18. Јане Миланов, градоначалник на Општина Штип и претседател на Советот за развој на Источниот плански регион,
19. Коста Јаневски, градоначалник на Општина Струмица и претседател на Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
20. Рамиз Мерко, градоначалник на Општина Струга и претседател на Советот за развој на Југозападниот плански регион и
21. Петре Шилегов, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 2

Со Советот раководи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

Член 3

Во случај на спреченост или отсутност на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Советот го раководи министерот за локална самоуправа.

Член 4

Советот донесува Деловник со кој се уредува начинот на работа.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/07).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-3050/1
23 март 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.